# „Судниот ден нема да настапи сè додека времето не се приближи

Ебу Хурејре, радијаллаху анху, пренесува дека Аллаховиот пратеник, салаллаху алејхи ве селем, рекол: „Судниот ден нема да настапи сè додека времето не се приближи така што годината ќе помине како месец, месецот ќе помине како недела, неделата како ден, денот како час, а еден час ќе изгледа колку време потребно да се запали лист од палма.“

[صحيح] [رواه أحمد]

Аллаховиот пратеник, алејхи селам, нè известил дека еден од предзнаците на Судниот ден е тоа што времето бргу ќе поминува. Година ќе помине бргу како да е месец. Месецот ќе помине како да е седмица. Седмицата ќе помине како да е еден ден. Денот ќе помине како да е еден час. А еден час ќе помине толку бргу колку му треба на еден сув лист од палма да изгори.

http://sunnah.global/hadeeth/mk/show/65027